Извештај за спроведено предавање на тема

„Трговија со луѓе„

во врска со проектот „Безбедни училишта“, во ООУ „Тихомир Милошевски“

оддржано на ден 20.02.2017 год.

Денес учениците од Клубот за превенција при ООУ „ Тихомир Милошевски„ беа запознаени со појавата на трговија на луѓе , односно со трговија на деца. Учениците денес беа запознаени со тоа дека тоа претставува сериозно кривично дело, а начинот на кој тоа се извршува е преку повеќе форми, како користење сила, закана, заблуда, измама, грабнување, давање пари. Постојат неколку фази во процесот на јавување и создавање на оваа негативна појава во општеството , како криење, експлоатација на жртвата, транспорт. Учениците беа запознаени и со видовите на трговијата со деца, како сексуална експлоатација, воведување во криминал, давање на посвојување, трговија со човечки органи, просење. Причините за појава на ова сериозно кривично дело се недостаток на образование, сиромаштија, се јавува во состојба на војни, семејно насилство итн. Учениците станаа свесни за тоа дека трговијата со луѓето најчесто ја вршат познати фирми, како би можеле да ја изиграат довербата на лицата кои ќе бидат жртва на оваа трговија со луѓе, понатаму агенции за посредување при работа, па дури и пријатели или роднини.

Учениците покажаа големо интересирање за оваа тема, и активно беа вклучени во дискусија.





